ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА АЛБАНИЈА
АДАПТИРАЊЕ НА ВОЕНАТА ЕТИКА
„CHINA HARBIN Z-20“
MRAV „BOXER “

# ШТИТ

Број 125
Март 2020
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Нашето членство во НАТО е прашање на денови



Фото: *Ивана Батев*



# те сили на Италија



со цел потполна интеграција во НАТО-структурата. Генералот Вечиарели истакна  дека соработката помеѓу армиите е особено значајна, притоа посочувајќи дека соработката и поддршката ќе продолжат во сите полиња и во формат на сојузници. Воедно, тој изрази уверување дека Република Северна Македонија ќе има значајна улога за безбедноста на регионот и пошироко. Посетата на највисоко ниво од страна на Генералштабот на Вооружените сили на Република Италија, која е меѓу најголемите и највлијателни земји на НАТО во Европа, покрај зајакнување на меѓусебните релации на воен план, претставува искажана доверба и признание за достигнатите стандарди во обученоста и интероперабилноста на Армијата на Република Северна Македонија со армиите на земјите-членки на НАТО. Покрај поддршката во областа на воениот образование и обуката од страна на  ВС на Република Италија, од минатата година двајца наши припадници, штабни офицери, со кои го зголемивме учеството во мисијата УНИФИЛ на Обединетите нации во Либан, извршуваат задачи во состав на италијанскиот контингент.







# содржина

ШТИТ ▌ година XII ▌ број 125 ▌ март 2020


Инфо 5

На прва линија
**Нашето членство во НАТО е прашање на денови** 6

НАТО-активности
**Клучни принципи на функционирањето на НАТО** 8

НАТО-активности
**НАТО и животната средина** 10

НАТО-армии
**Вооружените сили на Албанија** 14

Едукација
**Теорија за стратегијата** 17

Едукација
**Адаптирање на воената етика** 20

Вооружување
**Австриски пиштол „Steyr L-A1“** 32

Вооружување
**Хеликоптер CHINA Harbin Z-20** 34

Вооружување
**MRAV „Boxer“ Повеќенаменско оклопно возило 8x8** 36

Вооружување
**Борбен нож за командоси „В-42“** 40

Глобал
**Корона вирус**
**Забрана за трговија со диви животни** 48

Незадолжително
**75 години од ослободувањето на „Аушвиц“ (1)**
**Легендарни бегства од „Логорот на смртта“** 52

Филм
**„Зајакот Џоџо“** 56

# Факти

Улогата на медиумите во општеството е евидентна и значајна. Да се биде дел од оваа значајна алатка во современите демократски општества е голема одговорност и претпоставува објавување на проверени и вистинити информации. За жал, светот, и денес, во 21 век, сè уште се соочува со негативните последици од необјективното медиумско известување, од ширењето на лажни вести, од неетичноста и нееудицираноста на новинарите, од пристрасноста и употребата на медиумите за најразлични цели.
Ние, како медиум на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, имаме специфичен фокус на известување и информирање на јавноста. Нашата главна цел е објективно да се информира за активностите и настаните поврзани со Армијата и Министерството за одбрана и да објавуваме написи со тематика којашто е поврзана со одбраната и безбедноста, да претставуваме различни видови оружја итн. Се надеваме дека и успеваме во намерата: да информираме, да едуцираме и да промовираме и секогаш се трудиме да бидеме надвор и над дневнополитичките игри и партиски препукувања.
Нашата армија отсекогаш го имала највисокиот степен на доверба кај нашиот народ.
Нашата армија е нашиот најпрепознатлив амбасадор во светски рамки, преку огромниот придонес во светските мировни мисии, преку постигнатите врвни резултати и успеси, каде и да учествувале нејзините припадници. И, затоа, навистина е тажно кога и Армијата и нејзините припадници ќе се најдат во фокусот на медиумските и политички игри.
Во овој уводник сакам да потсетам на неколку неоспорни факти во врска со Армијата.
Факт е дека Армијата со сите исполнети обврски и реформи што ги спроведе даде најголем придонес во придвижувањето на нашата земја до членство во НАТО.
Факт е дека интересот за прием во редовите на Армијата во последниот период е зголемен и дека во редовите на Армијата се вработени 600 нови припадници.
Факт е дека во последниот период на припадниците на Армијата им беше зголемена платата и им се исплаќаат надоместоци и дневници кои со години station наназад не им биле исплаќани.
Факт е дека денес сите припадници на Армијата добиваат надомест за станарина и дека има нови чизми и нови униформи за сите.
Факт е дека сите во Армијата имаат бенефициран стаж и можност за пензионирање според истите услови како за МВР.
Факт е дека после 16 години за прв пат беа подновени инженерските единици на Армијата со нови машини и дека се набавени нови оклопни возила.
Факт е дека се исплаќаат јубилејни награди итн.
Сето ова се факти, а пред фактите и боговите молчат, и не е фер во овие мигови пред исполнувањето на нашата децениска стратегиска цел – членството во НАТО, да се злоупотребува Армијата, затоа што Армијата била, е, и секогаш ќе биде нашиот најдоблесен актер и промотор на позитивни вредности во општеството.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Историја на конфликтите во Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ)

Обединетите Арапски Емирати биле формирани од група племенски организирани заедници од Арапскиот Полуостров кои гравитирале покрај јужниот брег на Персискиот Залив и северозападниот брег на Оманскиот Залив. Оваа област, исламот, како водечка и доминантна религија за овој регион, го авторизира со почетокот на VII век. Поголемиот дел од населението во Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ) се со потекло од две племенски заедници: Кавасим (Qawasim) и Бани Јас (Bani Yas), кои се истакнуваат како водечки сили во текот на XVIII век. Племенската заедница Кавасим претежно биле трговци во копнените и поморски земји во регионот на Арапскиот Полуостров. Во денешно време ваков начин на живот имаат емиратите во Рас ал Кајмах и Шарџа (Ras al Khaymah and Sharjah). Племенската заедница Бани Јас биле претежно земјоделци и сточари. Денес нивниот начин на живот го практикуваат Емиратите од Абу Даби и Дубаи. Од XVII до XIX век, областа на Арапскиот Полуостров била позната под името „Пиратски брег“, од причина што европските и арапските пирати во континуитет ги напаѓале странските бродови кои поминувале во овој регион.

Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ) се протегаат долж Арапскиот Полуостров, помеѓу Оман и Саудиска Арабија и граничат со Оманскиот и со Персискиот Залив. Доминатното мнозинство, околу 96 проценти од граѓаните на Обединетите Арапски Емирати, се муслимани, од кои 85 проценти од муслиманите се Сунити, а 15 проценти се Шиити. Во моментов во ОАЕ вкупно живеат 9.848.532 или приближно 10 милиони жители



Во овој период Британците испраќаат специјални воени експедиции со цел да им се спротивстават на пиратите, што кулминира во текот на 1818 година против пиратскиот штаб на Рас ал Кајма (Ras al Khaymah) и други пирати во регионот на Арапскиот Полуостров. Оваа експедициска акција на британските воени сили, според дел од светските историчари, била преземена со цел да се заштити британската поморска трговија и сообраќај, притоа особено на британската компанија „Источна Индија", но од страна на друга група на светски историчари, сето ова било мотивирано од желбата на Британците да воспостават надмоќ во регионот во однос на другите европски сили.
Во 1820 година, Британија склучува општ мировен договор со главните шеици на Пиратскиот Брег и Бахреин. Нејзината цел била да се стави крај на пиратеријата. Договорот од 1820 година ја вклучува забрана за пиратерија и осуда на трговија со робови. Сепак, овој договор практично не го спречи редовното поморско војување на племињата на крајбрежјето, така што во 1835 година шеиците се согласија за ново примирје, со кое се согласија да пријават агресија на британските политички или поморски власти, наспроти тоа да се одмаздат. Ова примирје беше обновено неколку пати до мај 1853 година, со потпишувањето на договорот за да се запре целосен прекин на сите непријателства на море, со воспоставување на „поморско примирје".
Во 1892 година, Франција, Германија и Русија пројавуваат интерес за Заливот, така што оваа новонастаната состојба ја наведува Велика Британија и шеиците на Тракискиот Брег да потпишат нов договор, познат како Ексклузивен договор. Според овој договор, шеиците се согласуваат да не склучуваат спогодби со ниедна империјална европска и друга сила, освен со Велика Британија и да не отстапуваат, продаваат делови и области од нивната територија на никого освен на Британија и без британска согласност. Од овој период до независноста во 1971 година, автохтоните крајбрежни шиикдоми (sheikhdoms - владетели) биле под британска заштита, што значело дека Велика Британија има целосна одговорност за нивната одбрана од надворешните влијанија на другите земји, додека шеикдомите ја следеле традиционална форма уредување и владеење на начин на Арапска монархија, односно секој владетел имал практично апсолутна моќ над својата област на владеење. Во текот на 1952 година, Велика Британија им препорача на владетелите на седумте шеикдомите



Највисокиот федерален орган во рамките на ОАЕ е Врховниот совет на владетели кој се состои од владетели од седумте емирати. Ова тело го избира претседателот (кој секогаш бил владетел на Абу Даби) и потпретседател (кој отсекогаш бил владетел на Дубаи). Претседателот ги назначува премиерот и Советот на министри. Федералниот врховен совет е надлежен за законодавни и извршни овластувања. Ги ратификува федералните закони и декрети, ја планира федералната политика и може да го разреши од функција премиерот ако има таква препорака од претседателот

да формираат Трудски совет, со цел да го охрабри усвојувањето на заедничките политики во административните работи, со што понатаму би довело до федерација на држави. Владетелите се состанувале два пати годишно под претседателство на политички агент во Дубаи. Во 1958 година, кога за прв пат беше откриена нафта под крајбрежните води на Абу Даби, нафтените деривати во голема мерка ја определија структурата на моќта и престиж на тамошниот емират. Нафтената компанија во Абу Даби во 1960 година комерцијално започна со производство, така што истата обезбеди значителна финансиска моќ на овдешниот шеикдом кој стана најбогат емират. Шеикот Шахбут Ибн Султан Ал Нухајан (Shakhbut ibn Sultan Al Nuhayyan), владеел со Абу Даби од 1928 до 1966 година. Но, само последните години од неговото владеење претставувале подем и ренесанса за нафтената индустрија во Абу Даби. Него го заменил неговиот помлад брат, шеикот Зајид Ибн Султан Ал Нухајан (Zayid ibn Sultan Al Nuhayyan), во чие време на владеење Абу Даби ја доживува ренесансата во нафтената индустирија, успевајќи да ги развие сите технологии за производство на сите видови погонски горива за моторните возила.
Во 1968 година, Велика Британија донесува одлука која ја реафирмира во текот на март 1971 година за повлекување на Ексклузивниот договор со седумте земји од арапското крајбрежје и одлука за целосно повлекување на британските воени сили. Во текот на март 1968 година на арапските крајбрежни земји им се приклучуваат Бахреин и Катар кои, исто така, биле под британска заштита, со цел да формираат Федерација на Арапските Емирати, но во текот на 1971 година овие две земји се повлекуваат од овој договор со цел да ја прогласат својата независност.
Во текот на јули 1971 година, шест од крајбрежните арапски земји: Абу Даби, Ајман, Ал Фуџајрах, Дубаи, Шарјах и Ум ал Кајвајн (Abu Dhabi, Ajman, Al Fujayrah, Dubai, Sharjah and Umm al Qaywayn) се согласуваат на федерално уредување и устав за постигнување на својата независност како Обединети Арапски Емирати (ОАЕ). Во текот на 01.12.1971 година со посредство на Велика Британија и со потпишувањето на овој договор независноста на Обединетите Арапски Емирати се прогласува престојните неколку дена. Седмиот шеикдом Рас ал Кхајмах (Ras al Khaymah) се приклучува на ОАЕ во текот на февруари 1972 година. По прогасување на независноста на ОАЕ, шеикот Зајид Ибн Султан Ал Нухајан



Воените сили на ОАЕ се состојат од: копнени, поморски и воздушни сили. Бројот на воен персонал изнесува 65.500 војници и старешини, од кои 59.000 во копнените армиски сили, 2500 лица во поморските воени сили и 4000 лица во воздушните воени сили. Централно место во одбранбената политика на ОАЕ заземаат САД

(Zayid ibn Sultan Al Nuhayyan) од Абу Даби бил именуван за прв претседател на ОАЕ, функција која ја извршувал се до неговата смрт во 2004 година. Владетелот на Дубаи, шеикот Рашид Ибн Саид Ал Мактум (Rashid ibn Said Al Maktum) станал заменик претседател, а неговиот најстар син шеикот Мактум Ибн Рашид Ал Мактум (Maktum ibn Rashid Al Maktum) кој бил принц на Дубаи, станал премиер. По смртта на шеикот Рашид во текот на 1990 година, неговиот син шеикот Мактум Ибн Рашид Ал Мактум ја презема должноста на својот татко како заменик-претседател и премиер на ОАЕ. Владата на ОАЕ во текот на 1976 година станува централизирана, особено кога федералната влада воспоставува контрола над одбраната, разузнавачките служби, имиграцијата, јавната безбедност и граничната контрола. Во текот на 1981 година, главно како одговор на заканата за регионалната безбедност претставена преку Иранско-ирачката војна (1980-88 година), ОАЕ се приклучи на Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар и Оман во формирањето на Совет за соработка на арапските држави на Заливот, сега Совет за соработка на Заливот (Gulf cooperation council – GCC). Советот за соработка на Заливот работи на поттикнување поголема политичка, социјална и економска интеграција меѓу земјите од Заливот и повеќе се фокусира на подобрување на одбраната на земјите-членки. ОАЕ е членка на Обединетите нации (ООН) и на Арапската лига и има воспоставено одлични дипломатски односи со над 150 земји во светот, вклучувајќи ги: САД, Британија, Јапонија, Кина и повеќето земји од Западна Европа. Над 30 проценти од БДП се надополнува од нафтената индустрија на ОАЕ. Според глобалната економска статистика на Меѓународниот монетарен фонд од 2006 година, ОАЕ има нафтени резерви од преку 98 милијарди барели или 8 проценти од светските нафтени резерви. Од овие нафтени резерви Абу Даби има 94 проценти или 92,2 милијарди барели, Дубаи има нафтени резерви од 4 милијарди барели. Абу Даби станува член на Светската оранизација за извоз на нафтени деривати (ОПЕК) во 1967 година.



Воените сили на ОАЕ се состојат од: копнени, поморски и воздушни сили. Бројот на воен персонал изнесува 65.500 војници и старешини, од кои 59.000 во копнените армиски сили, 2500 лица во поморските воени сили и 4000 лица во воздушните воени сили. Централно место во одбранбената политика на ОАЕ заземаат САД. Одбранбениот пакт на ОАЕ со САД е после Заливската војна од 1990/91 година, а заемниот Одбранбен пакт се потпиша во 1996 година. Во текот на 2007 година преку потпишување на договор за набавка на борбени авиони помеѓу ОАЕ и САД во вредност од над 6,4 милијарди американски долари, испорачани се 80 „F–16E/F Desert Falcon“ борбени авиони. Пред само неколку години ОАЕ располагала и со едни од најсовремените борбени авиони „C-17A Globemaster III“.

ОАЕ има воспоставено договор за одбранбена соработка и со Франција, така што оваа соработка се крунисува со делумна донација и набавка на борбените авиони „Мираж 2000-9“ и „Панхард“ (Panhard)-лесни оклопни борбени возила. Исто така, односите на ОАЕ со: Русија, Германија и Украина се на одлично ниво, а овие држави претставуваат, исто така, потенцијални снабдувачи на ОАЕ со современо воено оружје.

Воената индустрија на ОАЕ посериозно започна да се развива пред две децении. Притоа имаат направено за лични потреби неколку корвети од

типот AL Dhafra P-173. Неколку типови на пиштоли и лесно вооружување, како и модернизација на оклопни борбени возила од периодот после Заливската војна. Обединетите арапски Емирати од прогласувањето на својата независност до сега учествувале во следниве конфликти и војни:
Либанска граѓанска војна (1976-1979) година, која конечно заврши дури во 1990 година, резултираше со над 120 000 убиени лица и емиграција на еден милион лица како резултат на војната. Во оваа војна ОАЕ, заедно со Арапските сили за одвраќање (Arab deterrant forces), Сирија, Саудиска Арабија, Судан, Либија и Јемен, успеаја да го совладаат Либанскиот фронт и јужната либанска армија. Во Заливската војна (1990-91) година, ОАЕ во коалиција со: Кувајт, САД, Британија, Саудиска Арабија, Франција, Канада, Египет, Сирија, Оман, Катар и други коалициски сили успеваат да ја спречат инвазијата на Ирак врз Кувајт и да го натераат да се повлече.
За време на Првата либиска граѓанска војна од 2011 година, ОАЕ е во коалиција со: Националниот транзициски совет (National transitional council - NTC), Франција, НАТО, Британија, САД, Белгија, Канада, Данска, Холандија, Норвешка, Шпанија, Турција, Катар, Шведска и Јордан. Тие успеваат да го симнат од власт и да убијат долгодишниот претседател на Либија, Муамар Гадафи и власта да ја предадат на Националниот транзициски совет. Меѓутоа, по завршувањето на Првата либиска војна сè уште се присутни насилствата врз цивилното население.
Бунтот во Синаискиот Полуостров започнува за време на Арапската пролет или, поточно, во 2011 година. Во овој бунт египетските безбедносни сили се борат против фракциите на ИСИС во Синаи. Во текот на 2018 година во коалиција со Египет во овие противбунтовнички операции се вклучуваат и ОАЕ. Во војната против ИСИС од 2014 година до сега, ОАЕ е во коалиција со: Ирак, Курдистан, Слободна Сириска Армија, САД, Британија, Јордан, Турција, Саудиска Арабија, Катар, Бахреин, Австралија, Мароко, Канада, Белгија, Германија, Франција, Норвешка и Шведска против: ИСИС, Ал-Нусра фронт и Кхорасан.
Во граѓанската војна во Јемен од 2015 година, ОАЕ е во коалиција со: Владата на Хади, Јужното движење во Јемен, Саудиска Арабија, Сенегал, Судан, Кувајт, Бахреин, Египет, Катар, Јордан, Мароко, Јужниот транзициски совет, против: Владата на Хоути и неговите приврзаници, лојалистите на Салех и ИСИС. Во текот на 2018 година






се случува битката во Аден помеѓу јужниот транзициски совет и јеменската влада околу штабовите во Аден.
Во периодот на Втората либиска граѓанска војна од 2014 година до сега, ОАЕ е во коалиција со: Либиската влада, Египет, САД и Велика Британија, кои им се спротиставија на: Либискиот генерален национален конгрес, Шура-советот од Бенгази (Shura Council of Benghazi), Шура-советот од Дерна (Shura Council of Derna) и на „Исламската држава“ во Ирак и во Сирија (ИСИС). Во моментов политичкото ривалство во Либија, кое во контиунитет ја држи државата во конфликтна состојба, се надгледува од египетските и од турските воени сили, поддржани од коалициските сили на НАТО. Бидејќи состојбата со Втората граѓанска војна во Либија е „статус кво“, европските воени аналитичари најавуваат дека НАТО и Европската унија кон крајот на месец март или на почетокот на април 2020 година, ќе распоредат поморски бродови, авиони, сателитска навигација и дроновско извидување, со цел спроведување на ембарго за оружјето во Либија.

д-р Андреј Илиев


305